РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-1253/11
26-07 2013 год.
СКОПЈЕ

Друштво за вадење камен,трговија и производство
ПРОГРЕС 1998 ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0301-46
26.07 2013 год.
с.Вруток, Гостивар

Врз основа на член 29-а став (11) и (12) од Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13 и 93/13), Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – мермеризиран варовник на локалитетот "Краста-2"с.Вруток, општина Гостивар на Друштвото за вадење камен, трговија и производство ПРОГРЕС 1998 ДООЕЛ увоз-извоз с.Вруток Гостивар бр. 41-1362/1 од 16.07.2013 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.103/13)

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Valon Saraqini
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Друштвото за вадење камен, трговија и производство ПРОГРЕС 1998 ДООЕЛ увоз-извоз с.Вруток Гостивар
со адреса: Ул.Вруток Бр.Краста 2/Маг.Пат М4-Г-ВАР-КИЧ, Вруток Гостивар, Република Македонија
застапувано од лицето Бобан Трифуновски

(во натамошниот текст: концесионер)

на ден __________ 2013 година во Скопје, склучија:

АНЕКС
НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МЕРМЕРИЗИРАН ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ "КРАСТА-2", ОПШТИНА ГОСТИВАР

Член 1

Членот 3 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермеризиран варовник на локалитетот "Краста-2", општина Гостивар бр.24-4758/1 од 10.06.2008 година, склучен помеѓу Владата на Република Македонија и Друштвото за вадење камен, трговија и производство ПРОГРЕС 1998 ДООЕЛ увоз-извоз с.Вруток Гостивар се менува и гласи:

1) Предмет на Концесијата е доделување на простор за експлоатација на минерална суровина – мермеризиран варовник на локалитетот "Краста-2", општина Гостивар, како добро од општ интерес на Република Македонија.

2) Површината на просторот на кој ќе се вршат деталните геолошки истражувања на минералната суровина, изнесува P =0.218988 $km^2$.

3) Границите на просторот од став 2 од овој член се ограничени со точки, дефинирани со координати меѓусебно поврзани со прави линии како што се дадени на топографската карта, приклучена кон овој договор во размер 1 : 25 000 во Гаус-Кригерова проекција, и тоа:

| Точка бр. | Координата У | Координата Х |
|---|---|---|
| Т-1 | 7488500 | 4624830 |
| Т-2 | 7488895 | 4625250 |
| Т-3 | 7489085 | 4625170 |
| Т-4 | 7488874 | 4624670 |
| Т-5 | 7488790 | 7624706 |
| Т-6 | 7488682 | 7624522 |
| Т-7 | 7488450 | 7624644 |
| Т-8 | 7488549 | 7624809 |

Член 2

Составен дел на овој анекс на договор е и Топографска карта дадена во прилог на овој анекс на договор.

Член 3

Овој анекс на договор е составен во (6) шест еднообразни примероци од кои по 3 (три) примероци за договорните страни.

Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА
Valon Saraqini

За Концесионерот
ПРОГРЕС 1998 ДООЕЛ
Гостивар
Бобан Трифуновски

Подготвиле: Фатмир Шаќири
Контролирал: м-р Ејуп Љатифи
Одобрил: Анче Трифунов

# Топографска карта на концесиски простор

1:25000

Локалитет: Краста-2-Гостивар

Минерална суровина: Мермеризиран варовник

Површина = 0.218988 км2




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7488500 | 4624830 |
| 2 | 7488895 | 4625250 |
| 3 | 7489085 | 4625170 |
| 4 | 7488874 | 4624670 |
| 5 | 7488790 | 4624706 |
| 6 | 7488682 | 4624522 |
| 7 | 7488450 | 4624644 |
| 8 | 7488549 | 4624809 |